ЦРВЕН КРСТ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОДЕКС

## на однесување на волонтерите во Црвениот крст на Република Македонија

# ПРАВИЛНИК

## за волонтирање во Црвен крст на Република Македонија

Скопје 2009

# КОДЕКС

## на однесување на волонтерите во Црвениот крст на Република Македонија

Со овој кодекс се определува начинот на однесувањето на Црвениот крст на Република Македонија (во натамошниот текст: Црвениот крст) и волонтерите во Црвениот крст, во рамки на нивните права и обврски во реализација на активностите.

1. Волонтерите се должни да ги почитуваат Основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, и да се придржуваат на одредбите од Законот, Статутот, другите нормативни акти на Црвениот крст на Република Македонија и овој кодекс.

2. Да постои взаемна доверба помеѓу Црвениот крст и во лонтерот.

3. Црвениот крст да обезбеди основни услови за работа на волонтерот (материјално-технички ресурси.)

4. Да постои отвореност и транспарентност во работењето и активностите со волонтерите.

5. Професионалниот однос на вработениот во Црвениот крст да ги мотивира волонте рите преку личен пример.

6. Црвениот крст континуирано вложува во надградба на капацитетите на волонтери те.

7. Црвениот крст го цени и вреднува секој труд од страна на волонтерот и истиот соодветно го наградува со диплома и признание.

8. Црвениот крст точно и прецизно ги структуира и насо чува активностите на волонтерот.

9. Црвениот крст не ги разликува (дискриминира) во лонтерите по пол, религиозна

припадност, етничка припадност,возрасна структура.

10. Црвениот крст треба да ги доделува активностите на волонтерот согласно неговите способности и потенцијали почитувајќи ги желбите и интересите на волонтерот.

11. Секој волонтер ги збогатува човечките ресурси на Црвениот крст, согласно своите способности и капацитети.

12. Волонтерот не треба да прави разлика во однос на пол, религија, етничка припадност, возраст (вработени, воло нте ри, целна група).

13. Волонтерот треба да ги почитува амблемот и мисијата на Црвениот крст.

14. Волонтерот може да го искаже својот став и мислење да дава свои предлози и идеи.

15. Волонтерот доброволно се вклучува во активностите на Црвениот крст.

16. Личниот интегритет на волонтерот мора
да биде заштитен.

17. Психо-физичката безбедност на волонте
рот мора да биде осигурана.

18. Волонтерот треба одговорно да ја при-
прифати својата задача и во истата да го
вложи својот максимум.

19. Волонтерот треба одговорно да ги почи-
тува материјалните добра на Црвениот
крст.

20. Црвениот крст да обезбеди надомест за
лични трошоци на волонтерот.

# ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНАТА ПОЛУМЕСЕЧИНА

## ХУМАНОСТ

Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

## НЕПРИСТРАСНОСТ

Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.

## НЕУТРАЛНОСТ

За да ја ужива довербата на сите, движењето не смее да зазема страна од политичка, расна, верска или идеолош ка природа.

## НЕЗАВИСНОСТ

Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.

## ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

## ЕДИНСТВО

Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.

## УНИВЕРЗАЛОСТ

Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.

www.redcross.org.mk